# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 25 Август 2015 година<br>Скопје<br>Бр.10 Год.X |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II (втор) квартал од 2015 година.........2**
2. **Одлука за доделување на финансиски средства на Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП“ – Скопје.........4**
3. **Одлука за утврдување на Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров – Скопје.........6**
4. **Одлука за утврдување на Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров – Скопје.........10**


**Август 2015, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II (втор) квартал од 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II (втор) квартал од 2015 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.08.2015 година.

**Број 09-2295/1**
**од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 40-тата седница одржана на ден 25.08.2015 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал од 2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал 2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2225/3**
**Од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП" – Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП" – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.08.2015 година.

**Број 09-2295/2**
**од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22-а став 1 алинеа 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 66/2004 и 18/2011), 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2015 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.15/2014), Советот на Општина Ѓорче Петров на 40-тата Седница одржана на ден 25.08.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП“ - Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП“ - Скопје, се доделува износ од 167.000,00 денари, како финасиска поддршка за покривање на трошоци за организирање на традиционален турнир во мал фудбал „Ѓорче Петров КУП“.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име Здружение за спорт и спортска рекреација „Ѓорче Петров КУП“ – Скопје, на жиро сметка број 210069714660166, Тутунска Банка -Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2225/4**
**од 25.08.2015 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров - Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.08.2015 година.

**Број 09-2295/3**
**од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 40-тата седница одржана на 25.08.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план**
**за градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт -Детален урбанистички план за **градска четврт СЗ 10,** Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Нацрт - Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр .8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12126/12, 19/13 и 95/13) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт -**Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 3.72ха.** се наоѓа во јужниот дел од Општина Ѓорче Петров, а во северозападниот дел на Градот Скопје.

Границите на планскиот опфат се:

- **Север** - **северозапад - североисток**: се совпаѓа со дел од граница на плански опфат на ГУП за град Скопје од 2012год.;
- **Југоисток** - осовина на новопланирана собирна улица „18"; и
- **Југозапад** - осовина на новопланирана собирна улица.

**Ч л е н 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 10 , Општина Ѓорче Петров-Скопје** кој се утврдува, е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број У03-07/13-2.

Нацрт-Деталниот Урбанистички план е со следната **СОДРЖИНА:**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед
1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители на опфатот
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

Графички дел:
1. Извод од ГУП на град Скопје со граница на плански опфат .................. 1 : 5000
2. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат ................ 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................. 1 : 1000
4. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд,
вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура... 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

Графички дел:
1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и
план на површини за градење, план на зеленило................................ 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план ........................................................ 1 : 1000

3. Инфраструктурен план ........................................................................................ 1 : 1000
4. Синтезен план............................................................................................................ 1 : 1000

**Член 4**

Нацрт-Деталниот Урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршувањето на целата законска постапка за донесување на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Нацрт-Деталниот урбанистички план, со сите негови делови, се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-2225/5**
**Од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров - Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.08.2015 година.

**Број 09-2295/4**
**од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 40-тата седница одржана на 25.08.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт -Детален урбанистички план за **градска четврт СЗ 11,** Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр .8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12126/12, 19/13 и 95/13). и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт-**Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 26.05ха. Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:**

**Север:** по границата на ГУП Скопје 2012год.со која се совпаѓа;

**Исток:** по осовина на новопланирана улица;

**Југ:** по осовина на градскамагистрална улица „Црногорска"

**Запад:** по осовина на автопат ( ГУП Скопје 2012год.)

**Ч л е н 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број У03-07/13-2.

Нацрт-Деталниот Урбанистички план е со следната **СОДРЖИНА:**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед
1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

**Графички дел:**
1. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат ............. 1 : 1000
2.Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби .............. 1 : 1000
3.Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура... .......................................... 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
Вовед
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

**Графички дел:**

1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило........................... 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план .............................................. 1 : 1000

3. Инфраструктурен план ........................................................................ 1:1000
4. Синтезен план ........................................................................ 1:1000

**Член 4**

Нацрт-Деталниот Урбанистички план се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на Претседателот на Советот на општината

**Член 5**

Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршувањето на целата законска постапка за донесување на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Нацрт-Деталниот урбанистички план, со сите негови делови, се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2225/6**
**Од 25.08.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**